# З А П И С Н И К
**од Првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.6.2017 година**

Седницата започна во 14:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Тараваи, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2. ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОСНОВНИТЕ КОМИСИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3. ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНИТЕ КОМИСИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

5. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

6. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОСТАСАНИ НЕНАМИРЕНИ ОБВРСКИ И ВКУПНИ (НЕДОСТАСАНИ) ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ

*

*　　　　*

Пред преминување на Дневен ред:

- Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, им го честита изборот на членовите на Владата и им посака добро здравје, многу успеси во работата и во извршувањето на обврските од нивната надлежност. Притоа, укажа на потребата во претстојниот период на добра соработка и почитување на членовите на Владата, со вложување на сето свое знаење, посветеност и умешност во работата, како предуслов за добра и успешна работа на Владата во целина, особено во реализирањето и решавањето на одделни прашања со кои ќе се соочуваат во текот на нивниот мандат.

Во таа насока ги информираше членовите на Владата дека на секој одделно ќе им доставува писмо со упатства, односно краткорочни, среднорочни и долгорочни задолженија со цел реализација на проектите кои се во интерес на граѓаните и се дел од Програмата на Владата на Република Македонија.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

1.Претседателот на Владата на Република Македонија од редот на избраните министри ги определи:

- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија

- д-р Бујар Османи, министер без ресор за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања

- д-р Кочо Анѓушев, министер без ресор за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и

- Хазби Лика, министер без ресор за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем.

2. Претседателот на Владата на Република Македонија од редот на министрите без ресор ги определи:

- Роберт Поповски, министер без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност

- Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора

- д-р Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции

- Самка Ибраимовски, министер без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија

- д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија

- Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и

- д-р Рамиз Мерко, министер без ресор задолжен за странски инвестиции

3. Владата го разреши Кирил Божиновски од должноста генерален секретар на Владата на Република Македонија.

3.1. Владата за генерален секретар на Владата на Република Македонија го именува д-р Драги Рашковски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

<u>**Точка 2**</u>

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги именува:

а) за претседател:

- м-р Крешник Бектеши, министер за економија

б) за членови:

- д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори
- д-р Драган Тевдовски, министер за финансии
- Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски
- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и
- Зорица Апостолска, министер без ресор

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за политички систем ги именува:

а) за претседател:

- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи

б) за членови:

- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања

- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана
- Билен Саљији, министер за правда

- м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи

- д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука

- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација

- Самка Ибраимовски, министер без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и

- Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги именува:

а) за претседател:

- д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори

б) за членови:

- д-р Драган Тевдовски, министер за финансии
- д-р Арбен Таравари, министер за здравство
- д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација

- Билен Саљији, министер за правда
- Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и
- м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура.

<u>Точка 3</u>

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за именување ги именува:

   а) за претседател:

   - Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи

   б) за членови:

   - д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори
   - д-р Драган Тевдовски, министер за финансии
   - Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем
   - Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
   - д-р Арбен Таравари, министер за здравство и
   - Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за станбени прашања ги именува:

   а) за претседател:

   - м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски

   б) за членови:

   - Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем
   - Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи
   - Мила Царовска, министер за труд и социјална политика

- д-р Арбен Таравари, министер за здравство

- Самка Ибраимовски, министер без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и

- Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за приватизација ги именува:

а) за претседател:

- Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање

б) за членови:

- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски

- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација

- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и

- д-р Арбен Таравари, министер за здравство.

**<u>Точка</u>** 4

1. Владата донесе Решение за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи и тоа:

а) за членови:

- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи,
- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана,
- д-р Арбен Таравари, министер за здравство,
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,
- м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи,
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и
- м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и раководител на Групата за процена.

б) за раководител на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи.

2. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата дека донесе решение за именување на:

- Мирјана Јанева за шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**<u>Точка 5</u>**

1. По повод укажувањето на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Владата заклучи Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 6.6.2017 година (вторник) да достави информација за состојбата во врска со вработувањата кои се направени за време на мандатот на составот на преодната Влада за спроведување на избори на пратеници како и за време на периодот од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија.

2. По повод укажувањата на м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, а во врска со најавениот бојкот/штрајк во АД Македонски железници „Транспорт" – Скопје, односно машиновозачите и нивните помошници (околу 150 вработени лица) и нивното барање за зголемување на коефициентот за пресметување на плата, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски во најкус можен рок да подготви и до Министерството за финансии да достави прецизна информација за фискалните импликации по Буџетот на Република Македонија, односно кој ќе биде изворот на финансирање ако им се излезе во пресрет на овие лица, согласно нивните барања.

За ова, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски да го информира претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

3. По повод укажувањето на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија Самка Ибраимовски, а во врска со можноста за отворање на Гинеколошката ординација во Општина Шуто Оризари, Владата го задолжи Министерството за здравство, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски во најбрз можен рок да одржат состанок за решавање на ова прашање.

4. По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања во врска со Итните реформски приоритети за Република Македонија и Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства итно да ја разгледаат Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, која не е усвоена од Владата на Република Македонија, со цел истата да биде прифатена од Владата.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со надлежните министерства и Специјалната министерска работна група, да продолжи и понатаму со своите активности за ревидирање на Нацрт - планот на активности на Владата на Република Македонија, подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија и Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија-ревизија 2017 и истите да се разгледаат на тематска седница на Владата.

При тоа, Листата на итните реформски приоритети за Република Македонија да се разгледува секоја редовна седница на Владата во делот на точките Пред преминување на Дневниот ред.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви извештај за користење на средствата од ИПА фондовите и истиот да се разгледа на посебна тематска седница.

5. Владата заклучи редовните седници на Владата да се одржуваат еднаш во неделата и тоа секој вторник, со почеток во 12:00 часот. За вонредните седници на Владата, членовите на Владата ќе бидат известувани дополнително.

6. Владата, на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи укажа на потребата од интензивна меѓусебна (меѓуресорска) комуникација и координација на министерствата во решавањето на прашањата кои се предмет на разгледување на Владата, а потоа по овие прашања да биде утврден и предложен на Владата усогласен став кој ќе произлезе од седниците на основните комисии на Владата, со цел поголема ефикасност и ефективност на седниците на Владата.

7. Владата го определи д-р Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции за претставник на Владата од редот на министрите којшто ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Македонија.

8. Владата ја разгледа Информацијата за именување на Национален ИПА координатор (НИПАК) за спроведување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА I и II), со Предлог-решение, ја

усвои Информацијата и го донесе Решението за именување на Национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови (ИПА и ИПА II) од Европската Унија за Република Македонија со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на решението со Секретаријатот за законодавство.

9. Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, ги информираше членовите на Владата за претстојната средба со претставници на турска компанија која е заинтересирана за инвестиција во Република Македонија (фабрика за лагери), која би требало да се одржи на 14 јуни 2017 година, како и за потребата од координација на економските ресори во рамките на Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за достасани ненамирени обврски и вкупни (недостасани) обврски на буџетски корисници и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници да ги обезбедат податоците за достасаните ненамирени обврски, заклучно со мај 2017 година и вкупните (недостасани) обврски кои се очекуваат за реализација до крајот на тековната фискална година и истите да ги внесат во образецот даден во прилог на оваа информација, дополнет со задолжително образложение и појаснување за секоја одделна категорија на обврските.

2. Се задолжуваат буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници, да ги обезбедат податоците за достасаните ненамирени обврски, заклучно со мај 2017 година и вкупните (недостасани) обврски кои се очекуваат за реализација до крајот на тековната фискална година и да ги достават на образецот од точка 1 како збирен преглед за своите обврски и за обврските на своите единки.

3. Се задолжуваат буџетските корисници, пополнетиот образец од точка 1 кој е во прилог на оваа информација, да го достават до Министерството за финансии во најкус можен рок, а најдоцна до 13.6.2017 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:20 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**